Наративен извештај за ноември 2018 година

- Кабинет на Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, Зоран Китанов

Директорот на ЈП за државни патишта во рамките на своите работни обврски го организира и раководи процесот на работењето, како и работата на претпријатието.

Во текот на месец ноември 2018 година, Директорот на ЈП за државни патишта, имаше интензивна агенда на активности, а се со цел остварување на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државни патишта за 2018 година. Во остварување на агендата на директорот на ЈП за државни патишта, активностите за овој месец започна со продолжување и завршување на интензивните преговори и ефективни состаноци, за потпишување на Анекс бр.3 кон Договор за Изградба на автопатот Кичево – Охрид, заради потребата од изведување на нужните и неопходните, непредвидени и дополнителни градежни работи, а се со цел за целосно завршување на проектот. Преговорите се реализираа во следниот состав: заменик претседателот на Влада на РМ, задолжен за економски прашања, Кочо Анѓушев, Директорот на ЈП за државни патишта, Зоран Китанов, изведувачот SINOHYDRO, надзорот ГИМ, како и професори од Градежниот фалултет: декан Дарко Мославац, продекан Јосиф Јосифовски и проф. Горан Марковски кои се ревиденти на проектот. За Проектот за изградба на автопатот Кичево – Охрид, се одржа прес конференција во Влада на Република Македонија со заменик претседателот задолжен за економски прашања Кочо Анѓушев, Министерот за финансии Драган Тевдовски, Министерот за транспорт и врски Горан Сугарески и Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта Зоран Китанов.

Во просториите на Јавното претпријатие се одржа Работилница на тема: Имплементација на информациски систем XPERT за управување на градежни инфраструктурни проекти, од страна на стручни лица од друштвото “ИГЕА”.

Мисијата на Меѓународен монетарен фонд имаше свои претставници Janne Hukka, Ahmed El-Asham, Jean Guillaume Poulain и Ѓорѓи Нацевски кои беа во посета кај Директорот Зоран Китанов, на тема: Приходи и расходи, задолжувања и инвестициски планови.

Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта одржа состанок со Мисијата на Светска Банка со Лилјана Шеќеринска, Виш специјалист за транспорт и Ionnis Dimitropoulos, Виш специјалист за транспорт, заради потребата од забрзување на напредокот на градежните работи за проектот за изградба на експресниот пат Крива Паланка – Ранковце. Исто така, се зборуваше за поддршка на имплементацијата на Проектот за рехабилитација на регионални и магистрални патишта, кој што рок на завршување е предвиден до 30.9.2019 година.

Претставник од Мисијата на Светска Банка беше во посета на ЈП за државни патишта, Romain Pison – Виш специјалист кој што одржа состанок со Директорот Зоран Китанов, на тема: продолжување на разговорите за

проценка на Проектот за олеснување на трговијата и транспортот на Западен Балкан, како и негово имплементирање и аранжмани.

Беше направен теренски увид на градежни активности од страна на Министертот за транспорт и врски Горан Сугарески и Директорот на ЈП за државни патишта Зоран Китанов за Проектот: Рехабилитација на сообраќајна лента на државен пат А1 делница Велес (Штипска клучка) – Градско и Градско – Велес (Штипска клучка) во должина од 20,2 км.

Се продолжија координативните состаноци во просториите на Секретаријатот за европски прашања за Проектот: Изградба на автопатот Скопје – Блаце, за што беа повикани експертите назначени за овој проект Yanni Koutras и Hubert Warsmann. На состанокот се разговараше за статусот на проектирањето за делницата, а воедно Јавното претпријатие за државни патишта ја презентираше апликацијата за ВБИФ Инвестицискиот грант во висина од 26,6 милиони евра за делницата ГП Блаце – Скопје (клучка Стенковец). Состанокот го координираше Заменик Претседателот на Владата задолжен за европски прашања, др. Бујар Османи.

Директорот на ЈП за државни патишта на 28.11.2018 година во "Клубот на пратениците" учествуваше на редовниот состанок на Националниот Комитет за Инвестиции (НКИ), каде во рамки на секторот транспорт се усвои Секторската Листа на проекти (SPP) и каде како приоритет од Листата, ја претстави апликацијата за ВБИФ Инвестицискиот грант во висина од 26,6 милиони евра за делницата ГП Блаце – Скопје (клучка Стенковец), што ќе се поднесе на 30.11.2018 година.

Министерот за транспорт и врски Горан Сугарески и Директорот на ЈП за државни патишта Зоран Китанов имаа теренски увид за Проектот Рехабилитација и реконструкција на Регионален пат Р1106 Јурумлери – Драчево во должина од 4 км., финансиран преку Светска Банка.